РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Бр. 0201-447/11
24.06.2026 год.
ШТИП

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/18, бр. 154/19, бр. 178/21, бр. 58/24 и бр. 124/25), **Универзитетскиот сенат** на **259.** седница, одржана на **23.06.2026** година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за доделување партиципации за сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност во учебната 2026/2027 година од прва до четврта година на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип**

**Член 1**

Се дава согласност на одлука од Наставно – научниот совет на Филолошки факултет, бр. 1902-44/11 од 30.01.2026 година, за доделување партиципации за сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност во учебната 2026/2027 година од прва до четврта година на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Член 2**

Од партиципација се ослободуваат сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на Филолошкиот факултет на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2026/2027 година од прва до четврта година на студии.

**Член 3**

Средствата за партиципација за прв циклус на студии од член 2, ќе бидат на товар на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет.

**Член 4**

Составен дел на оваа одлука е одлуката од член 1.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Изработил:** Советник за општи и правни работи,
М-р Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** Генерален секретар
М-р Ристо Костуранов

Претседател на Универзитетски сенат
Проф. д-р Снежана Мирасчиева

1902-44/11
30.01.26
Штип

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование ("Сл. весник на Р. Македонија" бр.82/18, и Сл.весник на РСМ бр.154/19,178/21 бр.58/24 и 124/25), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на својата 323. седница, одржана на ден 30.1.2026 година, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**за доделување партиципации на сите активни редовни студенти запишани во прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2026/2027 година од прва до четврта година на студии**

**Член 1**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ослободување од плаќање партиципација на сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2026/2027 година од прва до четврта година на студии.

**Член 2**

**ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА** за ослободување од плаќање партиципација на сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност во учебната 2026/2027 година од прва до четврта година на студии, се обезбедени согласно Одлуката бр.1905-43/4 од 30.1.2026 година донесена од Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип .

Партиципацијата се однесува на запишување првпат во соодветната година на студии.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 4**

Примерок од одлуката да се достави до Ректорската управа, Универзитетски Сенат, Кабинет на Генерален Секретар и Кабинет на Проректор за настава и архивата на Факултетот.

**Филолошки факултет**
**Декан,**
**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска**